HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани вработени. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување. Истовремено, на членовите на нашиот тим им нудиме одлични работни услови, конкурентни примања и бенефиции, како и континуиран кариерен и професионален развој, кои што ја рефлектираат улогата на Банката како водечка финансиска институција во локалниот финансиско-банкарски сектор.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на пополнување на следната работна позиција во Банката:

**Помлад ИТ Специјалист -**
**Инженер за Бази на Податоци (Референца Бр. 035/2025)**
**во Дирекција ИТ инфраструктурна поддршка**

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Завршено најмалку високо образование од областа на информатиката и компјутерските науки;
- Без или со работно искуство на иста или слична позиција;
- Одлични познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;
- Возачка дозвола Б категорија.

**Истовремено, кандидатот пожелно е да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Microsoft SQL Server бази на податоци
- Windows Server OS
- Виртуелни околини на VMWare и VirtualPC;
- Central Backup System (Tape libraries, backup concepts, ...);
- Microsoft Office
- Windows Desktop OS;
- Активно го следи развојот на програмските јазици, помошните програми и нивната примена во пракса;
- Подготвен да учи и да работи со најнова компјутерска технологија;
- Професионален пристап кон работните обврски;
- Ефикастно управување со време, приоритети и почитува рокови;
- Чесност и доверливост;
- Одлични комуникациски вештини;
- Ориентираност кон решавање на проблеми, креативно и критичко размислување;
- Способност за тимска работа;
- Професионален изглед и однесување.

**За оваа работна позиција, кандидатот пожелно е да ги поседува или стекне способностите за вршење на дел од следните работните задачи, кои што ќе бидат должност на вработениот ангажиран на горенаведената позиција:**

- Одржување и администрирање на следните сервиси:
- All Microsoft SQL Server бази на податоци;
- Windows server OS;
- Виртуелни околини на VMware и VirtualPC;
- Central Backup System (Tape libraries, backup concepts, ...);
- Microsoft Office;
- Windows Desktop OS;
- Одржување и администрирање на базите на податоци и инсталација и тестирање на нови верзии на базите на податоци (DBMS);
- Администрација и одржување на систем за бекап на податоци и развој, управување и тестирање на процедури за бекап и враќање на податоците;
- Осигурување дека процедурите за складирање, архивирање, бекап и враќање на податоците функционираат точно;
- Креирање на документација за базите на податоци, процедури, дефиниции и податочни стандарди;
- Воспоставување на потребите на корисниците, надгледување на корисничкиот пристап и сигурност, како и контрола на дозволи за пристап и привилегии;
- Пуштање во продукција и инсталација на нови апликации и прилагодување на постојните со цел подобро да ја остварат нивната цел;
- Поставување, инсталација, одржување, следење и евидентирање на дефекти при работата со компјутерската и мрежната опрема и комуникациските уреди;
- Инсталација или преинсталација на оперативни системи и потребни услужни програми.

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **21.10.2025 година** на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 035/2025 – Помлад ИТ Специјалист - Инженер за бази на податоци.**

За да аплицирате, потребно е да ни доставите ваше резиме (CV) на англиски јазик со фотографија, мотивациско писмо и препораки и потврди за вашите претходни релевантни работни ангажмани, кои се бараат за оваа позиција. Сите останати начини на аплицирање ќе се сметаат за невалидни.

Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката.

Напомена: Во процесот на селекција, само кандидатите кои ги исполнуваат бараните услови и ќе влезат во потесниот круг, ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.